Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-693/9
Прилеп, 28.05.2025 год.

Врз основа на членовите 383, 384 и 479 од Законот за трговските друштва („Сл.весник на Р.С.М.“ бр. 28/2004 и понатаму) и членовите 97 и 98 од Статутот на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп (арх.бр. 02-2251/15 од 11.06.2019 год. - пречистен текст), Собранието на акционери на П.И. „Витаминка“ А.Д. Прилеп, на седницата одржана на ден 28.05.2025 год. донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп за 2025 год.**

**Член 1**

За ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на П.И.„Витаминка“ А.Д. Прилеп, за годината што завршува на 31.12.2025 год., согласно Меѓународните сметководствени стандарди, се избира овластената ревизорското друштво „Грант Торнтон“ ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластува Генералниот извршен директор да склучи договор со Друштвото за ревизија од членот 1 на оваа одлука во кој ќе бидат регулирани правата, обврските и одговорностите помеѓу корисникот и давателот на услугите, почитувајќи ги одредбите од Правилникот за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Според член 383 став 1 точка 8 од Законот за трговските друштва, Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со овој закон и со статутот, а особено за: 8) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи ако друштвото има обврска да ги подготвува;“.

Според член 478 став 2 од Законот за трговските друштва, друштвото е должно да има ревизорско мислење на финансиските извештаи најдоцна еден месец пред одржувањето на собранието. Исто така, според член 506 став 1: „Консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи не можат да бидат одобрени без да биде извршена ревизија.“

Ревизорското друштво, во целост, согласно со ревизорските стандарди и процедури, одговори на барањето на друштвото за понуда за извршување на предметниот вид услуги. Со ревизорското друштво е остварувана долгогодишна соработка, во рамките на која од двете страни било целосно и квалитетно испочитувани преземените обврски. Од друга страна, станува збор за еминентно ревизорско друштво, со соодветна кадровска и материјална екипираност за максимално стручно извршување на доверената задача. Друштвото во целост ги задоволува утврдените критериуми во Правилникот за начинот на избор, извршување и известување за надворешна ревизија.
Врз основа на претходното беше одлучено како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседавач на Собрание на акционери,

_______________________